Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT

Бр.Nr. 04-469/2

20 11 2019 год.-viti

СКОПЈЕ-SHKUP

**Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ – СКОПЈЕ**
*N.P. PARKINGU I QYTETIT – SHKUP*

Врз основа на член 48 од Законот за административни службеници ( Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и11/18), како и член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднеусување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селчкција, во зависнот од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (Сл.Весник на РМ бр.11/15 и 35/18) Јавното претпријатие Градски паркин -Скопје, објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2019**
**за пополнување на работно место со унапредување**

1. **Самостоен референт за материјално работење**, со шифра КДР 01 02 Г01 046, во Одделение за финансии – Сектор за финансии, сметководствени работи и јавни набавки, **1 (еден) извршител**.

**Посебни услови:**

- Ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.

**Работно искуство**, за нивото Г1
- најмалку три години работно искуство во струката,

**Потребни општи работни комепетенции на основно ниво:**
-учење и развој;
-комуникација;
-остварување резултати;
-работење со други/тимска работа;
-ориентираност кон странките/засегнати страни; и
-финансиско управување.

**Потребни посебни работни компетенции**
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

**Општи услови**
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

ул. „Македонија" бр.11а, 1000 Скопје, Р. Македонија | поштенски фах 739 | контакт тел.+389 2 3091 072
www.gradskiparking.com.mk e-пошта:
infogradski@gradskiparking.com.mk

Распоред на работно време:
- работни часови во неделата: 40,
- работно време од понеделник до петок од 08:00 до 16:00 часот
- паричниот износ на основната нето месечна плата 23.120 денари.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во ЈП Градски паркинг-Скопје, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Градски паркинг-Скопје., како и:

- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на web страната на ЈП Градски паркинг-Скопје.

Заинтересираниот административен службеник, поднесува пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место преку архивата на ЈП Градски паркинг-Скопје до Одделението за човечки ресурси.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да би де предмет на разгледување

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

**НАПОМЕНА**: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка .

ЈП Градски паркинг-Скопје
Директор
М-р Борче [illegible]овски